


ДОБРИ ВЕСТИ ОД

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БР.2

**ОНЛАЈН КАМПАЊА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО**

**НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УСВОЕНА РАЗВОЈНАТА СЕКТОРСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРАВОСУДСТВОТО 2024-2028**

**ИНТЕРВЈУ: ПРОБАЦИЈАТА Е НАЈЕФИКАСНИОТ НАЧИН ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕСТАПНИЦИТЕ**

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ФЕВРУАРИ 2024

ПРАВНО ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ:
ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. СОДРЖИНАТА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ - ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ ЗНАЧИ ДЕКА ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Финансирано од
Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# ПРЕДГОВОР



## Дитер ШИНДЛАУЕР

*Тим лидер, „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“*

*„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.*

Почитувани читатели,

За среќа и нашиот втор квартален извештај еисполнет со добри вести. Стремежот за постигнување подобро владеење на правото е повеќестран, како и нашата проектна поставеност. Во ова издание ќе најдете настани кои вреди да се прочитаат за да се почувствува надежта и добрите пристапи кои се манифестираат во нив.

Тешко е да ги одберам моите омилени, но би го истакнал доста успешното вклучување на децата во напорите за добар и корисен Национален акциски план за правата на детето. Видовме колку овие деца беа ангажирани и јасни во нивните барања, во споделувањето на надежите и потребите и во нивните очекувања да бидат слушнати и сфатени сериозно. Понатаму, еден централен дел од ова издание за мене е интервјуто со судијката Оља Ристова, која со многу јасни зборови се залага за почесто користење на алтернативните мерки. Нејзиното интервју не е зборување напразно. Баш напротив, таа има изречено најголем број алтернативни мерки во државата. Таа ги следи нејзините предмети и ја докажува нивната ефективноста директно од нејзината пракса. Топло ви препорачувам да го прочитате нејзиното интервју.

# ПРЕДГОВОР

Понатаму, можеме да известиме за плодните дискусии за напредувањата во правосудниот систем кои резултираа со усвоена нова стратегија. Можеме дополнително да научиме од искусен експерт за комуникација за успешни работилници и корисни техники за ефективно комуницирање. Можете да прочитате за тоа дека Судскиот совет ги оценува препораките од Оценската мисија и доаѓа до конкретни активности; за заинтересираните студенти кои научија за справување со корупцијата и за успешната прослава по повод 25-годишнината на институцијата Народен правобранител. Се надевам дека овие приказни за ангажираноста, храброста и креативноста ќе ви оставаат освежувачки и мотивирачки впечаток како што ми оставија и мене.

Уживајте во добрите вести!



Дитер Шиндлауер
Тим лидер

# РЕЧНИК

Дефиниции од Оксфордски речник · Дознајте повеќе

**владеење на правото**

/ вла-де-е-ње на пра-во-то /

Ограничувањето на самоволието на носителите на власта со почитување на добро дефинирани и воспоставени закони.

„Кога ќе паднат воените диктатори, демократите кои доаѓаат на нивно место мора да се обидат да го вратат владеењето на правото“

# ДЕФИНИЦИЈАТА

Владеењето на правото е начело според кое сите лица, институции и субјекти одговараат пред законите кои се: Јавно објавени. Подеднакво спроведени. Независно прогласени. И во согласност со меѓународните начела за човекови права.

http:// www.rolaw.mk

# ВИ ПРЕТСТАВУВАМЕ:

## УСВОЕНА СТРАТЕГИЈА

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" го поддржа Министерството за правда во финализирањето на Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028, усвоена од Владата на Република Северна Македонија.

## СТУДИСКА ПОСЕТА

Полициски службеници од Одделение за подршка, материјално-техничка логистика и документирање, Сектор за прикриени операции (ОСОСК), беа дел од студиската посета на словенечкото МВР за употреба на посебни истражни мерки.

## КАМПАЊА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

Кампањата, предводена од 15 млади ревносни учесници, имаше за цел да ја подигне свеста за правата на детето, по повод 30 годишнината од ратификацијата на Конвенцијата за правата на детето од Северна Македонија.

# Ајде да зборуваме за...

- Активно учество на децата во процесот на подготовка на Националниот акциски план за правата на детето во Северна Македонија
- Интервју со судијката Оља Ристова: Пробацијата е најефикасниот начин за ресоцијализација на престапниците
- Подобрете ја вашата комуникација со Сузан Хедин
- Владата ја усвои развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028
- Децата во центарот на вниманието: Запознајте ги младите застапници за правата на детето во Северна Македонија
- Компонента 2 на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ги инспирираше идните застапници за борба против корупцијата на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“
- Одбележување 25 години од постоењето на институцијата Народен правобранител (НП) на Северна Македонија
- Поттикнување на судскиот напредок преку олеснување на имплементацијата на препораките на ЕУ во рамките на Судскиот совет на Северна Македонија

# Активно учество на децата во процесот на подготовка на Националниот акциски план за правата на детето во Северна Македонија

Изминатиот период беше одбележан со напорите за **изработка на Националниот акциски план за правата на детето (НАП).** Разбирајќи ја важноста да им се дозволи на децата да ги кажат своите мислења за прашања што ги засегаат, започнаа дополнителни иницијативи за да се поттикне нивното учество.



Покрај редовните состаноци на работната група формирана за изработка на НАП, на 16 ноември 2023 година се случи нешто што вреди да се спомене. Експертите од компонетата 4 од поректот Поддршка на ЕУ за владеење на правото, **Кети Јандријеска Јованова и Карин Бишоф,** организираа Детски панел во Europe House во Скопје. Учествуваа деца од различно потекло - Македонци, Албанци, Роми и деца со или без попреченост, претставувајќи различни институции како основни училишта, средни училишта, мали групни домови и дневни центри за деца на улица.

Она што го направи овој настан посебен е тоа што сите деца активно се вклучија и се чувствуваа сигурни во изразувањето, знаејќи дека нивниот придонес ќе биде ценет и интегриран во НАП.

„Учеството на младите претставува вреднување на нивото на глас, ставови и искуства, ја истакнува важноста на нивната соработка и ги насочува политиките кон одредено одразување на различните потреби на младите. Ваквиот инклузивен пристап ја зајакнува довербата на младите во нивната заедница и има потенцијал да има трајни и одржливи активности. На овој начин, можностите кои даваат учество и придонес на младите во донесувањето на одлуките што ги засегаат нив, придонесуваат за активностите и го прават нивниот активен ангажман во општеството“, нагласи **Иво Коруновски,** психолог, присутен на работилницата.



**Главната цел на Детскиот панел беше јасна:** да се вклучи и да биде слушната разновидна група деца, на возраст од 14-18 години, и нивните грижи, потреби и аспирации во врска со заштитата и исполнувањето на нивните права да бидат слушнати и забележани во текот на процесот на изготвување на Националниот акциски план за правата на детето.



**Проблемите што ги идентификуваа децата, презентирани на работната група и вклучени во активностите на НАП се:**

- Нема помош за децата кои користат дрога и алкохол. Широката достапност на лекови и други супстанции и недостаток на свест кај децата за последиците.
- Потребна е поголема заштита на децата од насилство.
- Забрана за детски бракови.
- Вработување на родители за стабилност во домот.
- Потреба од еднаква и бесплатна здравствена заштита.
- Лошо (неквалитетно) образование: 1. - отсуство на комуникација помеѓу 3-те клучни страни: ученик - наставник - родител. 2. немање услови (стар инвентар, нехигиенски, стари училишта).
- Немање простор за рекреативни активности за деца (паркови/ игралишта. Рекреативни центри, забавни настани).
- Нема здрава животна средина.













# Одбележување на успехот:

Визуелен приказ














# Интервју со судијката Оља Ристова: Пробацијата е најефикасниот начин за ресоцијализација на престапниците

„Алтернативите мерки се казни, санкции или режими што овозможуваат целосно или делумно одбегнување на изрекување на казната затвор, при што осудениот се подложува под третман и надзор од страна на стручни и овластени лица во заедницата, едновремено целосно почитувајќи ги правата на сторителот“, ова е една од многуте дефиниции кои ги објаснуваат алтернативните мерки во правосудниот систем. Но, што е теоријата без пракса?

На тема алтернативни мерки разговаравме со судијката **Оља Ристова од Основниот кривичен суд во Скопје, која ја носи титулата „судијка со најмногу изречени алтернативни мерки“.** Статистиката вели дека од 2019 година има изречено повеќе од 150 алтернативни мерки условни осуди со заштитен надзор и општокорисна работа, од кои околу 70% се успешни и сторителите го корегирале своето поведение.

Едноставно, првото прашање се наметна како логично за почеток на нашиот разговор.



**Која е Вашата тајна за ефективна примена на алтернативните мерки во нашиот систем?**

На ова прашање можам да одговорам без размислување. Тајната за ефективна примена на алтернативните мерки се крие во барањето за проценка на ризик за обвинетото лице. Што значи тоа. До пробациската служба поднесувам барање за проценка на ризик за обвинетото лице, веднаш по приемот на предметот и потоа ја закажувам првата главна расправа. Тоа е период од еден до два месеца во кој пробациските службеници имаат време да го контактираат обвинетото лице, да разговараат со него, да ги проценат сите социјални и економски прилики и да детектираат каде е проблемот за неговото криминогено однесување. Откако ќе го добијам извештајот за проценка на ризик јас можам да проценам која алтернативна мерка и кои мерки на заштитен надзор му се потребни на тоа лице да се корегира. Во одлуката која ја носам по завршување на главната расправа точно е наведено која алтернативна мерка се изрекува и кои обврски ги има осуденото лице. Надзорот над извршување на обврските од заштитниот надзор го врши надлежната пробациска служба. Сакам да истакнам дека веќе петта година имам одлична соработка со службата за пробација, а овој метод на работа го препорачувам на сите мои колеги кои применуваат алтернативни санкции, бидејќи тоа е најдобриот начин за надзор на осуденото лице во периодот на проверка додека трае условната осуда.

**Од Вашето искуство, кои се случаите за кои најчесто се изрекува оваа мерка?**

Алтернативни мерки најчесто изрекувам за случаи на семејно насилство и за лица зависници од наркотични средства и алкохол. Овие осудени лица во времето на надзор најчесто се упатуваат во советувалишта за семејно насилство, психолошки советувалишта или се врши надзор навремено да ја примаат соодветната терапија за да не се јават повторно во улога на прекршители на законот. Би сакала да истакнам дека краткотрајните казни затвор до една година, дефинитивно не треба да се применуваат бидејќи согласно сите досегашни истражувања не дале позитивен резултат поради краткиот период на траење во кој не може да се постигне нивна ресоцијализација.

Мое мислење е дека  судиите, наместо краткотрајни казни затвор, треба почесто да изрекуваат алтернативни  мерки -условна осуда со заштитен надзор или општокорисна работа за да се постигне ресоцијализација, превоспитување и корегирање на осудените лица со  цел да не се јават повторно како сторители на нови кривични дела, како и да се намали рецидивизмот.

**Како Вие може да бидете сигурни дека алтернативните мерки ќе имаат ефект?**

Никогаш не можам во целост да сум сигурна дека тие ќе имаат ефект врз поведението на сторителот, но можам да кажам што е клучно во нивното изрекување. За алтернативните мерки да имаат ефект, и сторителот и неговото поведение да бидат корегирани мора да се комбинираат со мерки на заштитен надзор. Од 2019 година до денес изрекувам алтернативни мерки со заштитен надзор, а периодот на проверка се движи од 2 – две  до 5 - пет години. Во тој период на проверка има доволно време да може да се врши надзор и да се контролира осуденото лице, истото да се превоспита, во смисла да посетува советувалиште, да се едуцира, да се вработи, да се одвикне од зависности и така ресоцјализирано да се врати во заедницата. Воедно, лицето треба да има волја да ги почитува обврските дадени од страна на судот во времето на проверка. Доколку не ги почитува обврските, условената казна затвор може да се реализира, тоа се нарекува запретена казна, што за мене претставува мотив за осудените лица да се примерни во периодот на проверка и да ги почитуваат обврските.



**Кој е Вашиот мотив за примена на овој метод, да изрекувате алтернативни мерки?**

Од мојата пракса увидов дека изрекувањето на алтернативните мерки одлично фунцкионира и најзадоволна сум кога млади лица кои дошле во судир со законот, како резултат на истите го корегираат своето поведение.Позитивни резултати веќе има во моите предмети, бидејќи извештаите од надзорот над извршувањето на алтернативните мерки ги добиваме од пробациската служба за секое лице посебно. На пример, многу сум горда на младите лица кои биле осудени за употреба и/или продажба на наркотици, кои поминале низ програмите за зависници и сега се рехабилитирани, односно реакцијата на државните органи била навремена, можам слободно да кажам дека „работата била фатена на време“, затоа што се работи за млади лица кои во овој процес биле лекувани од зависност и истите се рехабилитирале, престанале да користат дрога и не се јавуваат како повратници и сторители на истото или друго кривично дело.

**Нашето интервју денес всушност претставува продолжение на дискусиите кои се водеа за време на тркалезните маси на тема: „Поголема примена на алтернативните мерки“, во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“. Кој е Вашиот впечаток од истите?**

Јас на тркалезните маси во Скопје, Штип, Гостивар и Битола го пренесов моето искуство со изрекување алтенативни мерки. Можам да кажам дека го задржавме вниманието на колегите, кои беа расположени во иднина повеќе да ги применуваат овие мерки. Би сакала да напоменам дека по завршување на тркалезните маси, добив информација за колегите од Битола дека веднаш по одржувањето на тркалезната маса се обратиле до надлежната пробациска служба во Основниот суд Битола и побарале две проценки за ризик.

**На тркалезните маси имавте можност да размените искуства со вашите колеги од Хрватска Дубравка Рукавина, Претседателка на Општински суд во Госпиќ, Хрватска, и Горан Бркиќ, Раководител на Сектор за Пробација, Министерство за Правда и Администрација, Република Хрватска. Што би можеле да примениме од хрватскиот модел за оваа проблематика?**

Мислам дека треба да се следи хрватскиот модел како што беше посочено на тркалезните маси. На пример, според нашето законодавство сторителот на кривичното дело треба да се согласи на алтернативната мерка - општокорисна работа, додека во хрватскиот закон сторителот не мора да се согласи и доколку судот смета дека на тој начин ќе се постигнат целите на казнувањето може да изрече општокорисна работа.






Исто така според хрватската судска пракса, општокорисна работа често се изрекува и за посериозни кривични дела, што не е случај во нашите судови. Вториот момент е, дека според хрватското законодавство има можност да се изрече делумна условна осуда, ова значи дека судот при изрекувањето може казната да ја подели, за дел да изрече затвор, а за дел да изрече алтернативна мерка условна осуда со заштитен надзор. Ова е навистина добро решение и треба да се разгледа како можност да се пропише и во нашиот Кривичен законик, кој е во фаза на измени.

**На самиот крај, која е вашата порака до колегите, до системот на тема алтернативни мерки?**

На моите колеги им препорачувам почесто да ги применуваат алтернативните мерки, наместо краткотрајните казни затвор, бидејќи тоа е најдобриот начин да се постигне превоспитување, корекција и ресоцијализација на сторителите на кривични дела, со единствена цел тие повторно да не се јават како сторители на кривични дела и да бидат прифатени во заедницата. Поголемата примена на алтернативните мерки, доведува до растеретување на затворите, намалување на финансиските трошоци на државата за лицата кои издржуваат казна затвор, и воедно како судии треба да сме свесни дека лицето нема можност да се ресоцијализира во таа средина.



# Подобрете ја вашата комуникација со Сузан Хедин

„Секој се раѓа со способност за комуникација, но секој сам мора да ги стекне вештините за тоа“, нагласува експертот за комуникација **Сузан Хедин**. „Секој има потенцијал да стане подобар во комуникацијата. Мојата улога е само да им помогнам на луѓето да станат свесни за можностите и да обезбедам алатки за поддршка на нивниот развој“.



**Сузан ги поддржува вработените во Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Канцеларијата на Народниот правобранител.** Таа има реализирано неколку обуки, предавања и работилници со нив и е свесна за големиот интерес што го пројавија за подобрување на нивните комуникациски вештини. „Имам чувство како луѓето да се желни за обука за комуникација. Учесниците ја следат обуката со големо внимание, фокусирани се, желни да научат што повеќе и да ги споделат своите искуства со другите“.

Сузан применува директен, но ефикасен пристап во нејзините обуки. Таа му дава приоритет на опуштеното опкружување, користејќи активности и вежби кои им овозможуваат на учесниците да се опуштат и да се отворат еден кон друг на почетокот на обуките. „Многу ми е важно обуките да бидат разиграни и забавни. На тој начин се избегнува притисокот од јавен настап и стравот од правење грешки“, вели Сузана.

**Една од алатките што ги користи на своите обуки е реторичката алатка „7 прашања“ -** структуриран пристап којшто им помага на луѓето логично да ги организираат информациите и да обезбедат сеопфатна и ефективна комуникација.

Реторичката алатка „7 прашања“ е одлична кога сакате да презентирате информации или да зборувате за нешто што се случило или што ќе се случи. Со одговарање на прашањата, логично ги организирате информациите и го минимизирате ризикот да изоставите нешто важно и ги зголемувате шансите вашата порака да биде разбрана.

**МЕТОД НА 7 ПРАШАЊА**

1. **Што?** (За што е вашата задача/ проект?)

2. **Зошто?** (Зошто го правите ова? Која е целта?)

3. **Кој?** (Кој е засегнат/вклучен?)

4. **Кога?** (Временски аспекти)

5. **Каде?** (Каде ќе се одржи/ примени?)

6. **Како?** (На кој начин ќе го сторите/организирате итн.?)

7. **Со помош на што?** (Кои ресурси ќе ги користите?)

Кога ги имате основните алатки за комуникација, веќе сте на половина пат. „Со ова се чувствувам похрабро, имам самодоверба, имам алатки за подготовка“, е најчестиот фидбек што Сузан го добива од вработените во институциите кои учествуваат на обуките. Сузан ја нагласува важноста од темелна подготовка за градење доверба и подготвеност на учесниците за ефективна комуникација. Повратните информации од учесниците често ја нагласуваат новооткриената самодоверба и подготвеност што произлегле од стекнувањето на основните алатки за комуникација.

Кога разговара за одржливоста на вештините по работилниците, Сузан прави паралела со спортските тренинзи, нагласувајќи го значењето на редовниот тренинг и стратешката подготовка. „Кога имате презентација, тоа е како да играте финале на Светско првенство - мора да победите.

Разликата е во тоа што фудбалерите тренираат редовно, имаат состаноци на кои разговараат за стратегија, а во рамките на подготовките играат и натпревари. Од друга страна пак, кога треба да одржите презентација, тоа го правите само тогаш. Кога разговарам со луѓето за време на работилниците, ми велат дека сега се на тренинг“, додава Сузан.

**Вежбајте активно слушање!**

„Комуникацијата не вклучува само зборување, туку и слушање. За танго се потребни двајца!“ – истакнува Сузан. Вашите вештини за слушање можете да ги подобрите со вежбање активно слушање. Активното слушање значи да се биде фокусиран на говорникот, а не на вашите пораки и одговори. Покажете дека слушате и поставувајте прашања за да се уверите дека целосно сте го разбрале другиот говорник. Не слушајте само зборови, затоа што невербалната комуникација, на пример, гестовите и тонот на гласот, исто така откриваат важни информации.



Сузан признава дека активното слушање може да звучи лесно, но честопати претставува предизвик бидејќи сме внесени во темата и желни да ги пренесеме нашите пораки. Но, обидете се да почекате додека соговорникот не заврши, пред да одлучите дека не се согласувате или не верувате во она што е кажано. Внимавајте да не правите претпоставки за тоа што мисли соговорникот и во никој случај не прекинувајте го!

Врз основа на повеќе од 25 години искуство како обучувач за комуникација, Сузан нуди неколку практични совети што секој може да ги искористи за да ја подобри својата комуникација:

**НАЈДОБРИТЕ СОВЕТИ И ТРИКОВИ НА СУЗАН**

- Не комплицирајте! Бидете конкретни, давајте примери и употребувајте ги внимателно вашите зборови
- Помалку е повеќе! Фокусирајте се на најважните точки, не секогаш победува оној со најмногу аргументи
- Бидете храбри! Осмелете се да излезете надвор од вашата комфорна зона и испробајте нови начини на комуникација
- Приспособете го вашиот начин на комуникација! Успешната комуникација зависи од разбирањето на примачот
- Не плашете се од тишината! Дајте си време да размислите пред да одговорите и не плашете се од паузи.
- Продолжете да вежбате! Побарајте повратно мислење од вашите пријатели и колеги.

Еден последен совет од Сузан. „Запомнете, подобрувањето на вашата комуникација не е тешко, сите можеме да го направиме тоа. Треба само да ги следиме советите и да продолжиме да вежбаме“.

# Владата ја усвои развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ го поддржа Министерството за правда во финализирањето на **Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028.** Стратегијата, усвоена на 26 декември 2023 година од Владата на Република Северна Македонија, го отвора патот за реформи за понатамошен развој на правосудниот сектор.

Со тоа се придонесува за реализација на препораките на Европската комисија за понатамошен развој на владеењето на правото, правосудниот систем и основните права. Стратегијата е подготвена од работна група формирана од министерот за правда. Во текот на подготвителниот период, од страна на проектот беше изготвено експертско мислење за нацртот на Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028. Во ноември и декември 2023 година, во тесна соработка со Министерството за правда и за време на неколку состаноци со работната група, експертскиот тим на проектот даде совети за целокупното преструктуирање на документот во согласност со владините насоки и најдобрите практики за стратешко планирање. Поточно, проектот го поддржа изготвувањето на сеопфатна анализа на состојбата, поставувајќи ја стратешката рамка, вклучувајќи визија за Стратегијата и формулирање приоритетни области, цели и задачи. Проектот, исто така, помогна во изработувањето на модел за имплементација, известување, координација и следење на Стратегијата.



Проектот ќе продолжи со поддршката за Министерството за правда во спроведувањето на Стратегијата. Ќе дава стручни совети за спроведување на конкретните мерки и активности планирани во документот и за зајакнување на системот за координација и следење. Имплементацијата на Стратегијата треба да го подобри нивото на подготвеност на правосудството да го применува правото на ЕУ и да одговори на клучните предизвици во правосудниот сектор.

# Децата во центарот на вниманието: Запознајте ги младите застапници за правата на детето во Северна Македонија

Главната канцеларија на проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ беше исполнета со позитивна атмосфера означувајќи го крајот на влијателната онлајн кампања за правата на детето. **Кампањата, предводена од млади ревносни учесници, имаше за цел да ја подигне свеста за правата на детето, по повод 30 годишнината од ратификацијата на Конвенцијата за правата на детето од Северна Македонија.**

Во чест на нивното активно вклучување во подигањето на свеста за правата на децата, секое дете доби беџ од проектот и персонализиран постер со нивната изјава. Овие млади застапници се појавија како вистински поборници за правата на детето, со силно влијание и на нивните сограѓани, и на младите и на возрасните. Нивните пораки служеа како убедлив потсетник за нашата заедничка обврска да обезбедиме безбедно и безгрижно детство, како што гарантира Конвенцијата.






Онлајн кампањата, организирана во соработка со Канцеларијата на Народниот правобранител траеше 15 дена и беше спроведена преку официјалните социјални медиумски канали на проектот, профилите на Facebook и LinkedIn. Децата од шест основни и средни училишта низ земјата ги споделија своите вистински перспективи за човековите права одговарајќи на прашањето: „Што претставуваат за вас правата на детето? Нивните уникатни одговори нагласија различни аспекти како што се правото да сонуваат, да одат на училиште, да имаат пријатели, да уживаат во семејството, да имаат пристап до здравствена заштита, да играат, да учат, да бидат креативни итн.

Овие искрени пораки беа смислено пренесени на онлајн постери, претставени на дигиталните платформи на проектот.

Настанот ги собра на едно место учениците, службениците од канцеларијата на Народниот правобранител, експертите од проектниот тим и претставниците на училиштата со цел да се дружат, социјализираат и да дискутираат за амбициите на децата.  И додека ваквите восхитувачките напори на овие млади застапници се за поздрав, да продолжиме колективно да се бориме за соништата и правата на нашите деца.










ДАМЈАН МИШЕВСКИ, 14 ГОДИНИ
ООУ "Св.Кирил и Методиј" Скопје
Детето е вечна инспирација за креативност и творештво.


ARIJON ISMAILI, IV-4
АРИЈОН ИСМАИЛИ, IV-4
ShPK "Hasan Prishtina" Shkup
Хасан Приштина" Скопје


SARA AGUŠ, IV BERŠ
САРА АГУШ, IV ГОДИНА
Nane kompromis, administrativna pharipa thaj našti te vakerelpe NA, kana kerelape lafi bašo sastipe e čhavesko!
Нема компромис, административни пречки и нема изговор ако се работи за здравјето на детето!


ДАРИЈА КОСТОВСКА, 14 ГОДИНИ
Сите деца во светот треба да имаат исти права, без разлика каде живеат, како изгледаат, какви размислувања имаат.




SUMEJA DŽELADIN, III KLASI
СУМЕЈА ЏЕЛАДИН, III ГОДИНА
O čhave na trubun e sikljovibaskere arija te trampinen len butikeribaja, ni palem g`ndindoj sar, hem ka šaj li te dživdinen!
Децата не треба училишните часови да ги заменат со работни часови и мисли за нивно преживување.


Dreams come true...
URATA OSMANI, IV-4
УРАТА ОСМАНИ, IV-4
ShFK "Hasan Prishtina" Shkup
ООУ "Хасан Приштина" Скопје


EDA KARISHIK, 9 GODINA
ЕДА КАРИШИК, 9 ГОДИНИ
OOU "Sv. Kiril i Metodij", Skoplje
ООУ "Св.Кирил и Методиј" Скопје
Улога детета у школи је да учи, да игра, да стекне нова знања и да ствара нова пријатељства.
Детето во училиште треба да учи, да игра, да стекне нови знаења и да создава нови пријателства.


ЈОАНИС КОВАЦИС, 14 ГОДИНИ
ООУ "Св.Кирил и Методиј" Скопје
Децата се најголемите борци за мир! Слушнете го нивниот глас!


НИКОЛИНА СТОЈЧЕВСКА, 14 ГОДИНИ
ООУ "Св.Кирил и Методиј" Скопје
Детските чекори се мали, но стапките кои ја градат нивната иднина имаат цврст темел! Среќен, безбеден живот без страв е наше право!


VASKA MUSTAFA, 9 BERŠ
ВАСКА МУСТАФА, 9 ГОДИНИ
ООУ "Св.Кирил и Методиј" Скопје


АЛЕКСАНДАР НИНИЌ, IV-13
Детето има право да ги искаже своите ставови за сите прашања што влијаат врз него, и на сите ставови на детето треба да им се даде соодветна тежина.


VESA HAZIRI, 12 VJEC
ВЕСА ХАЗИРИ, 12 ГОДИНИ
ShFK "Bratstvo Migjeni" Tetove
ООУ "Братство Меѓени" Тетово
Fëmijët japin porosi: siguroni kushte që lirshëm ta shprehim mendimin tonë!


AURORA AMETI, IV-3
АУРОРА АМЕТИ, IV-3
ShMK "Gostivar" Gostivar
СОУ "Гостивар" Гостивар
Çdo fëmijë i privuar nga liria të trajtohet në mënyrë njerëzore, duke respektuar dijitetin e tij dhe duke pas



# Компонента 2 на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ги инспирираше идните застапници за борба против корупцијата на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“

Предавањето од компонентата 2 од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ беше значајна пресвртница во потрагата по знаење и борбата против корупцијата. На 13 декември 2023 година, студентите на магистерски студии со ентузијазам навлегоа во сложената тема за истражување на корупцијата и споделување на најдобрите практики од Република Словенија.

Настанот беше воден од **д-р Бобан Мисоски,** истакнат редовен професор и продекан за образование чие искуство и ентузијазам создадоа идеална атмосфера за интересно предавање. Господинот Мисоски ги претстави гостите предавачи кои ја презентираа сложеноста на истрагата за корупција.



Во центарот на вниманието беше **м-р Мојца Кузмички,** меѓународна експертка позната по нејзината посветеност во борбата против корупцијата. Г-ѓа Кузмички даде сеопфатен преглед на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, презентирајќи ги главните цели и како проектот значително ќе придонесе во тековната битка против корупцијата. Нејзината презентација не само што ги информираше, туку и ги инспирираше студентите да го видат потенцијалното влијание што можат да го направат во полето на антикорупцијата.

По презентацијата на г-ѓа Кузмички, следуваше **г. Дејвид Смолеј**, меѓународен експерт за борба против корупцијата. Преку неговиот интересен пристап ги произнесе подробностите на истрагата за корупцијата, нудејќи увид во сложеноста на процесот. Со примери од реалниот свет и студии на случај во Република Словенија, г. Смолеј ги истакна најдобрите практики кои се покажале ефикасни во борбата против корупцијата.



**Како да откриеме корупција?**

• Проактивна работа

• Пријавување на терен

• Анонимно е-пријавување

• Подносителите поднесуваат барање во полициска станица

• При истрага за други кривични дела



**Еден од клучните аспекти кој беше нагласен на предавањето беше важноста на довербата во институциите кога станува збор за пријавување корупција.** Преку дискусии поттикнати од експертите, г-ѓа Мојца Кузмицки и г. Давид Смолеј, студентите можеа подобро да разберат за тоа како интегритетот во институциите како што се полицијата, обвинителството и судовите значително влијае на пријавувањето на корупциски инциденти. Преку примери од реалниот живот и студии на случај од Словенија и Северна Македонија, експертите покажаа колку може да бидат сложени истрагите за корупција, нагласувајќи ја важноста да се биде во тек со настаните и да се следат најдобрите практики. Тие беа охрабрени да ги поддржуваат високите стандарди на интегритет и активно да се залагаат за антикорупциски мерки во рамките на нивните професионални сфери.

**Зошто граѓаните не пријавуваат корупција и зошто е тешко да се забележи?**

• Луѓето не се чувствуваат како жртви

• И давателите и примателите на мито мислат дека имаат корист од корупцијата

• Можноста за заштита на соучесник



Накратко, **предавањето им помогна на студентите на магистерските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да научат и да се чувствуваат моќни.** Тие добија практични алатки, увид и примери од реалниот живот кои го подобрија нивното разбирање за истрагата за корупција. Ова предавање, исто така, ги охрабри да преземат дејство и да направат разлика во борбата против корупцијата.

Предавањето беше успешно не само поради тоа што беа споделени многу информации, туку и затоа што остави силен впечаток кај студентите. Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ **ги информираше и ги инспирираше студентите, охрабрувајќи ги да се борат против корупцијата,** отворајќи го на тој начин патот за нова генерација застапници подготвени да направат разлика во светот.

# Одбележување 25 години од постоењето на институцијата Народен правобранител (НП) на Северна Македонија

„Кога станува збор за одбележувањето на 25 годишнината од востановувањето на Институцијата Народен правобранител, која сега ја раководам, би сакал да се навратам на нејзините почетоци, но од еден друг аспект - од аспект на нејзиното втемелување во Уставот, а потоа и донесувањето и на Законот за народниот правобранител. Напуштањето на системот на колективна одговорност и ставањето на граѓанинот на прво место бараше и формирање на институција која ќе ги штити неговите слободи и права, и мислам дека на уставотворците тоа им беше еден од главните мотиви што во членот 77 предвидоа дека во државата мора да функционира независно национално тело за заштита на правата на граѓаните. Самиот факт што Институцијата е втемелена во Уставот, укажува на нејзиното значење во и за општеството во целина“, истакна во своето обраќање до присутните народниот правобранител, **г.Насер Зибери,** на приемот организиран по повод одбележувањето **– 25 години од востановувањето на институцијата.**



**Во текот на изминатите 25 години, Народниот правобранител беше постојан застапник за правата на граѓаните, постапувајќи околу 50.000 претставки** против јавните власти. Нивниот придонес во спроведувањето на Охридскиот рамковен договор беше клучен, поттикнувајќи ја недискриминацијата и правичната застапеност. Поднесени се посебни извештаи и законски иницијативи за подобрување на заштитата на правата, при што два предлози се доставени до Уставниот суд. Повеќестраните напори на Народниот правобранител вклучуваат давање мислења за суштински прашања за човековите права, спроведување на истражувања и соработка со меѓународни тела. Кампањите за подигање на јавната свест ги информираа граѓаните за нивните права, додека пионерската работа на климатските промени доведе до витални препораки. За време на пандемијата КОВИД-19, институцијата ја подобри пристапноста кон образованието преку Интернет и воспостави бесплатна СОС линија за деца. Имено, тие ја олеснија регистрацијата за ранливите групи на граѓани и обезбедија бесплатна замена на документите за време на промената на името на Северна Македонија, покажувајќи ја нивната посветеност за унапредување на правата и поттикнување на инклузивноста.



# Поттикнување на судскиот напредок преку олеснување на имплементацијата на препораките на ЕУ во рамките на Судскиот совет на Северна Македонија

Во декември 2023 година, **Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија го претстави извештајот на оценската мисија на ЕУ пред членовите на Судскиот совет, во кој детално се опишани 40 препораки за работењето на Советот.** Во Извештајот се предложени 23 уставни и законски измени, заедно со 17 препораки кои се однесуваат конкретно на практиките на Советот. Препораките се насочени кон критичните области, вклучувајќи го изборот, назначувањето и одговорноста на судиите и членовите на Советот, како и подобрување на транспарентноста, комуникацијата и управувањето со ресурсите на Советот.

Во согласност со една од главните цели на проектот – да се поддржи Судскиот совет во исполнувањето на својата статутарна улога во согласност со европските стандарди – **овој јануари во Велес се одржа тридневна работилница. На настанот присуствуваа шеснаесет учесници, меѓу кои и членови и вработени во стручната служба на Советот.**



**На работилницата се одржа сеопфатна дискусија за препораките, што доведе до изготвување на Акциски план за имплементација.** Планот опфаќа стратешки пристап за извршување на препораките за зајакнување на транспарентноста, ефикасноста и отчетноста на судството.




Беше договорено Советот да ги измени подзаконските акти за да го забрза процесот на оценување на работата во однос на унапредувањето на судиите. Членовите на Советот, исто така, се согласија да понудат добро образложение на одлуките за именување.Преку проектот ќе се обезбеди обука за работа со медиуми за подобрување на квалитетот на интеракциите на Советот со медиумите. Советот се согласи да го зголеми објавувањето на вести и содржини на својата веб-страница и да започне со користење на социјалните медиуми за да ја подобри видливоста на својата работа.

**Како заклучок, вредните напори на Советот, водени од Извештајот на оценската мисија на ЕУ и нашиот проект, означуваат значителен напредок кон зголемена судска транспарентност, ефикасност и одговорност.**



# ШИНДЛАУЕР
# Дитер

*ИНТЕРВЈУ*

# ЗАПОЗНАЈТЕ ГО ТИМОТ

**Тим лидер**

# „Ние не сме проект кој изготвува празно слово на хартија. Ние сме тука да дадеме поддршка на позитивните промени“

***Запознајте го тимот: Низата интервјуа се креирани за да ви го претстават и да ве запознаат со тимот на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.***

Господинот **Дитер Шиндлауер** е консултант за човекови права со силен фокус на еднаквоста, недискриминацијата и спроведувањето на законот. Тој е познат по неговата работа во изготвувањето програми за обука и иницијативи за градење капацитети, особено во области како што се антирасизмот и тактичката полициска комуникација. Господинот Шиндлауер исто така има искуство во управување со проекти на ЕУ, особено во регионот на Балканот. Денес, како тим лидер на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ во рамките на нашата серија за членовите на нашиот проектен тим, добиваме неколку сознанија за различни важни теми.

**Нашиот разговор започна со најочигледното. Со оглед на вашето познавање на правото, како го дефинирате владеењето на правото?**

Па, владеењето на правото се чини дека е многу едноставна работа кога функционира, затоа што само се однесува на систем кој гради свои правила на демократски начин и се држи до нив. Елементите опфаќаат добри закони кои генерално се почитуваат од сите и постои ефективен систем кога овие закони се прекршуваат. Клучно е како се третираат прекршителите на законот и како се натерани да ги почитуваат следниот пат. Во потехничка смисла, потребно е функционирање на полицијата, потребна е независна, непристрасна функција на правосудството, во кое се вклучени јавните обвинители. Правдата треба да се спроведе, и треба да се осигураме дека ќе биде исполнета. Луѓето треба да веруваат дека нивните проблеми ќе бидат поправени и дека системот дава одговор на нивните вистински потреби.

**Кои мерки се преземаат за да се поттикне институционалната доверба и да се подобри перцепцијата на јавноста за владеењето на правото?**

Ги охрабруваме луѓето да веруваат дека системот може да се подобри и ги поддржуваме да стануваат се подобри и подобри секој ден. Тоа е бескраен процес на подобрување и не е срамно да се бара подобрување или да се стремиме кон реформи. Напротив, тоа е знак дека сериозно се сфаќате себеси, својата улога и вашата институција.

**Зборувајќи за институционалната доверба, како е да се работи со јавните институции и независните тела во Северна Македонија?**

Наидуваме на многу професионализам и она што ми е најважно - посветеност на промени и добра и отворена соработка. Најголемата закана за проект како нашиот е да наиде на атмосфера со рамнодушност и блокади каде што ништо суштинско не може да се случи. Силно верувам дека бевме пречекани со големи очекувања и наградени со добри односи, добра волја и сериозна желба за позитивни промени.

**Додека го водиме ова интервју за второто издание на Кварталниот извештај за проектот, би можеле ли да споделите успешна приказна што ја сметате за особено значајна од нашиот досегашен напредок?**

Работите се движат напред, и мислам дека во шесте месеци од имплементацијата направивме многу важни чекори од кои сите укажуваат на иднината. Тие сè уште не се завршени, треба да се имплементираат и да се подобрат, но мислам дека најголемиот успех што го гледам генерално од проектот е тоа што создаваме и потоа одржуваме соработка со нашите национални колеги, со нашите партнери овде што ни овозможува да ги поддржиме на начин што е значаен и корисен. Ние не сме проект кој изготвува празно слово на хартија за да можеме да кажеме дека сме ја завршиле работата. Ние работиме со нашите партнери секојдневно и под тоа се подразбираат компромиси и меѓусебно разбирање; за што се потребни лични вештини од двете страни и мислам дека тоа е најголемата општа успешна приказна.

**Каков совет би им понудиле на лидерите на компонентите и на корисничките институции кои преземаат иницијативи насочени кон промовирање на владеењето на правото?**

Во форматот на нашиот квартален извештај кажуваме нешто позитивно за случувањата и им оддаваме признание на луѓето за нивниот напредок, тоа е многу неопходен чекор во секој процес на промена. И тоа не значи дека ги занемарувате работите што недостасуваат, кои не одат добро или на кои им треба промена. Но, фокусирање само на работите кои не се добри може да биде обесхрабрувачки. Секој процес на промена е нешто долгорочно и ви треба сила и самодоверба за да го поминете сето тоа.

**Како заклучок, што очекувате во следните 3 години од Проектот?**

Со нетрпение очекувам да се воспостават неколку рутини за функционирање на целиот проект, како и да ги видам во примена кај нашите локални партнери оние работи што се изготвени од проектот. Развиваме нешто корисно затоа што истото се користи. Проектот кој ветува поддршка треба да го направи токму тоа.



ФЕВРУАРИ - АПРИЛ 2024

# КАЛЕНДАР НА СЛЕДНИ НАСТАНИ

**14 МАРТ – 15 МАРТ**

**Работилница за комуникациската стратегија на Судскиот Совет**

**Компонента 1**

**26 ФЕВ – 27 ФЕВ**

**Презентација и демонстрација на словенечкиот ЕРАР систем**

ДКСК тренинг центар

**Компонента 3**

**22 ФЕВ**

**Катализатори на промени - Одлучен став на органите на прогонот во борбата против корупцијата во Северна Македонија**

**Компонента 2**

**26 МАРТ**

**Форум за човекови права за институциите корисници**

Хотел Панорамика

**Компонента 4**

**03 МАРТ – 07 МАРТ**

**Обука за прикриени човечки извори на информации**

**Компонента 2**

**18 АПР – 19 АПР**

**Обука за вештачка интелигенција и автоматско донесување одлуки за КСЗД**

**Компонента 4**





# Одбележување на успехот:

Визуелен приказ















**Публикација:** Поддршка на ЕУ за владеење на правото, втор квартален извештај - Добри вести од владеење на правото

**Период на известување:** 8 ноември 2023 - 7 февруари 2024

**Изменето од:** Кристина Весиќ, Службеничка за видливост

**Дата на издавање:** Февруари 2024

**Адреса:** Васил Главинов 14, Скопје 1000

**Електронска пошта:** kristina.vesikj@rolaw.mk

Финансирано од Европска Унија